***Р Е Ф Е Р А Т***

***ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊА ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАРКЕТИНГ НА ПРИВАТЕН НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА ВО СКОПЈЕ***

Со Одлука бр. 02-170/1 од 15.11.2012година донесена на 12 седница на Наставничкиот совет на Приватен научен институт за бизнис економија во Скопје, одржана на 15.11.2012година, определени сме за членови на Рецензиона комисија за избор на еден наставник во насловно звање за научната област маркетинг на Приватен научен институт за з бизнис економија во Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Фокус-дневен" од 31.10.2012 год. и во предвидениот рок се пријавија две кандидатки: д-р Виолета Јованова и д-р Ана Ќовкарова.

Врз основа на приложената документација и интервјуата на кандидатките, комисијата се одлучи да и даде предност на кандидатката д-р Виолета Јованова, заради што на Наставничкиот совет на Приватен научен институт за бизнис економија во Скопје го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

1. **Биографски податоци**

Кандидатот Д-р Виолета Јованова е родена 1967 година во Скопје. По завршувањето на средното образование се запишала на Економскиот факултет во Скопје, на департманот за НАДВОРЕШНА – ТРГОВИЈА И МАРКЕТИНГ, каде што и дипломирала во 2000 година. Во 2008 година магистрира со просечен успех 9,44 во областа на маркетинг. Со академски степен доктор на економски науки се стекнува цо 2011 година со успешна одбрана на докторската дисертација на тема „Маркетинг стратегии за настап на пазарот на болнички услуги во системот на здравствена заштита".

Во периодот на раководење со Секторот Контрола на Фондот, кандидатот Д-р Виолета Јованова има остварено неколку престои во Словенија, при кои се оствари запознавање со здравствениот систем на Словенија , како и работата на Фондот за здравствено осигурување на Словенија.

Кандидатот Д-р Д-р Виолета Јованова е ангажирана во работата на следниве тела и други комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонијаи надвор од него:

- Член на Комитетот за дијагностички сродни групи, донесено од Влада на Република Македонија
- Учесник во работата на Подкомитетот за финансирање во состав на Комитетот за развој на здравствениот систем на Република Македонија

- Други работни групи и интерни комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонија
- Претседател на Надзорен одбор на ЈПАУ, а потоа АД Аеродромски услуги Петровец, а сега Александар Велики Скопје
- Советник во Советот на Општина Кисела Вода
- Лиценциран вештак за судски вештачења
- Во текот на 2010 година ја извршуваше функцијата директор на Сектор за контрола во Фондот, а од декември 2010 година до декември 2011 година кандидатот раководел со Фондот за здравствено осигурување на Македонија како в.д. директор.

*Наставно-образовна и научноистражувачка дејност*

Во магистерскиот труд насловен како "Маркетинг ценовни стратегии во системот на здравствени услуги", кандидатката Јованова го истражува стратешкиот карактер и реалните можности за одредување на цената на здравствената услуга. Трудот е дизајниран така да овозможува употреба на обработените маркетинг ценовни стратегии при дефинирање на паричната цена која треба да ја плати пациентот кога му се пружа здравствена услуга. Преку реално утврдената цена која пациентите треба да ја платат, здравствената институција ќе биде во можност стручно и ефикасно да ги буџетира средствата со кои располага.

Докторскиот труд со наслов „Маркетинг стратегии за настап на пазарот на болнички услуги во системот на здравствена заштита" произлезе од потребата за согледување на пазарот на здравствените услуги, а особено за согледување на пазарот на болнички услуги. Оваа потреба произлегува од актуелната проблематика на здравствените установи да можат слободно со своето финансиско работење да се движат во рамките на буџетските лимити. Според тоа самиот труд претставува обид на согледување на проблематиката со која се соочуваат пазарите на здравствените услуги, а особено пазарите на болничките услуги, управувањето со болниците, формирање на цените, системот на плаќање на болничките услуги и современиот маркетинг на здравствените услуги. Докторска дисертацијанабљудувана низ таква призма, отвара доволно широк простор за теоретско запознавање и практична примена на Маркетинг стратегиите за настап на пазарот на болнички услуги во системот на здравствената заштита. На овој начин одредувајќи ја истражувачката

рамка, очекуваме кандидатот преку истражувањата кои ќе ги изврши да даде посебен придонес во следните подрачја:

1) истражување на пазарите на здравствени услуги, како и меѓусебениот однос на различните пазари на здравствени услуги со посебен акцент на маркетинг - економски аспекти на пазарот на здравствени услуги
2) анализа на перфомансата на пазарот на болничките услуги, пазарната структура на болниците, како и управување и однесување на болниците и конкуренцијата меѓу нив
3) дефиниран системот на плаќање на болничките услуги и нивниот ефект врз мотивите на болниците, конкуренцијата меѓу болниците од која се очекува да резултира со поголема ефикасност, пониски цени и поголема осетливост на побарувањата на купувачите.

Докторската дисертација ќе даде свој научен придонес во решавање на проблемите, реформите и предизвиците со кои се соочува македонското здравство и во негови рамки управувањето со болниците. Несомнено примената на маркетинг стратегиите за настап на пазарот на болничките услуги ќе придонесе за успешно управување со болниците, формирање на цените и плаќањето на болничките услуги и современиот маркетинг на здравствените услуги.

Во зимскиот семестар на учебната 2008/2009, кандидатот Д-р Виолета Јованова, беше избрана во звање и ангажирана како предавач за предметот Маркетинг на услуги, на Приватната образовна установа, Факултет за бизнис економија, Скопје.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

Д-р Јованова има остварено низа практични резултати во речиси сите базични дисциплини од областа на маркетингот, со посебен акцент на маркетинг менаџментот. Од особена важност за нејзиното академско напредување се и многубројните семинари, работилници, стручни форуми и проекти на кој таа има учествувано:

- Централизирани и локални системи за унапредување – Воен Контакт Тим, 2002
- Проблематика на персоналното администрирање – Светска банка, 2005
- Комуникациски вештини и јавен настап – Центар за образование по менаџмент „Мотива“, 2006
- Политичка Академија, 2006
- Стручни оспособувања во Фондот за здравствено осигурување на Словенија, 2007 и 2008

Врз основа на евалуирање на сите погоре презентирани активности и способности на кандидатката д-р Јованова Виолета, цениме дека и покрај скромното, едносеместрално искуство во наставно-образовната активност (15 бода) , практичното искуство во примена на маркетинг концептите во рамки на научно-истражувачките активности манифестирани во успешната одбрана на магистерскиот труд и докторската дисертација (35 бода), како и во доменот на стручно-апликативните активности преку учество на семинари, научни трибини, симпозиуми итн. (25 бода), цениме дека д-р Виолета Јованова покажува способност за наставно-образовна или научноистражувачка активност (НО (15)+НИ(35)+САОР(25)=75 поени.

---

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставената пријава од кандидатката д-р Виолета Јованова, комисијата ја разгледа приложената документација и оцени дека таа има потенцијал за да биде избрана во насловно звање доцент од областа на маркетингот, на студиите од втор циклус, на Приватниот научен институт за бизнис економија.

Имајќи ги предвид степенот на образование, остварената научноистражувачка активност, како и поранешната соработка, кандидатот ги задоволува пропишаните услови и критериуми за избор во насловно звање доцент (научен соработник) во Научниот институт за бизнис економија Скопје.

Поради тоа, на Наставно-научниот совет на Институтот за бизнис економија Скопје, предлагаме, кандидатката д-р Виолета Јованова да биде избрана во насловно звање доцент (научен соработник) на Институтот, за група предмети од областа на маркетингот.

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1. Д-р Весна Стојанова, ред. проф. на________ , с.р.
2. Д-р Антонија Јосифовска, ред. проф. на________ , с.р.
3. Д-р Благоја Наневски, ред. проф. на________ , с.р.